АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

# Пазарот на осигурување во Република Македонија во 2015 година

## 1. Анализа на осигурителниот пазар во Република Македонија

Со состојба на 31.12.2015 година на пазарот на осигурување во Република Македонија работат 15 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 4 осигурување на живот). Бројот на друштва за застапување во осигурување во 2015 година во споредба со 2014 година се зголеми за 3 нови друштва (Ибо Иншуренс АД Куманово, Ваш Пријател АД Прилеп и Фемили Партнер АД Скопје) со што вкупниот број на друштва за застапување во осигурување е 13. Исто така, во 2015 година и бројот на банки кои делуваат како застапници во осигурување се зголеми за 2 нови банки (Шпаркасе АД Скопје, НЛБ Тутунска банка АД Скопје) со што вкупниот број изнесува 3. Бројот на осигурително брокерските друштва се зголеми за едно друштво (Порше Брокер АД Скопје) со што вкупниот број на осигурително брокерски друштва изнесува 31. Исто така, во текот на 2015 година беше одземена дозволата за работа на едно осигурително брокерско друштво (Макоил Брокер АД Скопје).

Во 2015 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 8,28 милијарди денари, што претставува раст од 8,50% во однос на БПП остварена во 2014 година (2014: 7,63 милијарди денари).

Позитивниот тренд е присутен во двата сегменти на осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 7,18 милијарди денари (2014: 6,74 милијарди денари), или истата изнесува 86,80% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 6,47% во споредба со 2014 година.

Во делот за осигурување на живот, што претставува 13,20% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, е остварена БПП во износ од 1,10 милијарди денари (2014: 888,32 милиони денари), што претставува зголемување од 23,94%.

Во вкупната остварена БПП во 2015 година најзначајно учество има осигурувањето кај моторните возила со 52,96% (2014: 55,47%), при што осигурувањето од автомобилска одговорност (АО) учествува со 44,59% (2014: 46,43%), а доброволното осигурување на моторни возила (каско) со 8,37% (2014: 9,04%). Потоа, следува осигурувањето на имот (од пожар, природни непогоди, кражби и други ризици) со 19,82% (2014: 18,07%), и осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) со учество од 7,23% (2014: 7,61%).

Во рамки на одделните класи на осигурување, продолжува трендот на пораст на премијата за автоодговорност од 4,20% со БПП 3,69 милијарди денари, осигурувањето од незгода од 3,09% со БПП 598,85 милиони денари, осигурувањето на имот од 19,01% со БПП 1,64 милијарди денари како и осигурувањето од туристичка помош од 8,54% со БПП 180,65 милиони денари. Понатаму, вредно е да се истакне дека во делот на осигурувањето на сопствени моторни возила (т.н. каско осигурување) прв пат после 5 години опаѓање се забележува мал пораст од 0,41% со БПП 692,93 милиони денари.

Во периодот 1.1.2015-31.12.2015 склучени се 1.199.860 договори при што се забележува пораст од 5,70% во однос на 2014 кога беа склучени 1.135.156 договори. По класи на осигурување зголемување од 9,60% бележи осигурувањето на имот, осигурувањето од незгода со 9,02%, потоа следи туристичка помош со 8,64%, АО со 4,12%, осигурувањето на живот со 2,15%. Од друга страна пак, кај осигурувањето на моторни возила (каско) се забележува пад од 0,70% на склучените договори. (Табела 1)

**Табела бр.1:** Бруто полисирана премија и број на склучени договори

| | Бруто полисирана премија (во 000 МКД) | | | Број на склучени договори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2014 | промена | 2015 | 2014 | промена |
| АО (вкупно) | 3.691.683 | 3.542.769 | 4,20% | 684.021 | 656.971 | 4,12% |
| Имот (вкупно) | 1.641.334 | 1.379.199 | 19,01% | 85.733 | 78.227 | 9,60% |
| Живот | 1.093.280 | 888.329 | 23,07% | 8.358 | 8.818 | -5,22% |
| Каско моторни возила | 692.927 | 690.130 | 0,41% | 42.887 | 43.189 | -0,70% |
| Незгода | 598.846 | 580.880 | 3,09% | 367.352 | 336.963 | 9,02% |
| Општа одговорност | 192.431 | 178.608 | 7,74% | 24.542 | 20.793 | 18,03% |
| Туристичка помош | 180.648 | 166.440 | 8,54% | 364.092 | 335.138 | 8,64% |
| Карго | 70.094 | 60.423 | 16,01% | 2.505 | 2.522 | -0,67% |
| Каско воздухоплови | 48.123 | 85.393 | -43,65% | 5 | 6 | -16,67% |
| Финансиски загуби | 45.072 | 38.189 | 18,02% | 240 | 95 | 152,63% |
| Осигурување на живот кога инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | 7.711 | 0 | 0,00% | 325 | 0 | 0,00% |
| Одговорност воздухоплови | 6.730 | 10.984 | -38,73% | 29 | 33 | -12,12% |
| Здравствено | 6.369 | 4.666 | 36,50% | 368 | 269 | 36,80% |
| Одговорност пловни објекти | 2.525 | 1.950 | 29,49% | 759 | 487 | 55,85% |
| Гаранции | 1.066 | 1.930 | -44,77% | 245 | 284 | -13,73% |
| Каско пловни објекти | 872 | 843 | 3,44% | 31 | 30 | 3,33% |
| **ВКУПНО** | **8.279.711** | **7.630.733** | **8,50%** | **1.199.860** | **1.135.156** | **5,70%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

Друштвата за осигурување во текот на 2015 година исплатиле бруто - износ на штети од 3,18 милијарди денари. Во споредба со 2014 година бруто исплатените штети бележат раст од 4,25% (2014: 3,05 милијарди денари). (Табела бр.2)

**Табела бр.2:** Бруто исплатени штети и број на ликвидирани штети

| | Бруто исплатени штети (во 000 МКД) | | | Број на ликвидирани штети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2014 | промена | 2015 | 2014 | промена |
| АО (вкупно) | 1.542.769 | 1.438.603 | 7,24% | 23.312 | 21.878 | 6,55% |
| Имот (вкупно) | 636.480 | 715.860 | -11,09% | 7.647 | 7.748 | -1,30% |
| Каско моторни возила | 374.066 | 385.016 | -2,84% | 7.201 | 7.826 | -7,99% |
| Незгода | 361.431 | 342.357 | 5,57% | 7.120 | 6.958 | 2,33% |
| Живот | 127.626 | 102.862 | 24,07% | 1.610 | 1.223 | 31,64% |
| Општа одговорност | 93.241 | 15.772 | 491,18% | 253 | 302 | -16,23% |
| Туристичка помош | 44.905 | 39.427 | 13,89% | 2.981 | 2.373 | 25,62% |
| Карго | 1.778 | 2.139 | -16,88% | 53 | 62 | -14,52% |
| Здравствено | 869 | 465 | 86,88% | 75 | 21 | 257,14% |
| Одговорност воздухоплови | 426 | 96 | 343,75% | 1 | 0 | 0,00% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиски загуби | 168 | 125 | 34,40% | 75 | 70 | 7,14% |
| Каско пловни објекти | 119 | 106 | 12,26% | 1 | 1 | 0,00% |
| Каско воздухоплови | 0 | 11.126 | -100,00% | 0 | 4 | -100,00% |
| **ВКУПНО** | **3.183.878** | **3.053.954** | **4,25%** | **50.329** | **48.466** | **3,84%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

На крајот на 2015 година, во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 3. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 18,03% (2014: 16,98%), Осигурување Македонија со 12,86% (2014: 12,87%), и Еуролинк со 12,28% (2014: 10,34%). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Кроациа живот со 44,00% (2014: 43,31%), и Граве со 39,54% (2014: 41,83%).

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество има директната продажба со 47,24%. Разложено по групи на осигурување, кај друштвата за осигурување на живот најзначаен канал на дистрибуција се ОБД со 56,71%, додека пак кај неживотното осигурување најзначаен канал е директната продажба со 51,74% (табела бр.3).

**Табела бр.3:** Структура на канали на продажба по групи на осигурување

| 2015 | неживот | | живот | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество | БПП (во 000 МКД) | Учество |
| Директна продажба | 3.712.991 | **51,74%** | 197.599 | 17,95% | 3.910.590 | **47,24%** |
| Осиг. брокерски друштва | 1.406.088 | 19,59% | 624.270 | **56,71%** | 2.030.358 | **24,53%** |
| Друштва за застапување во осигурување | 636.562 | 8,87% | 131.637 | 11,96% | 768.199 | **9,28%** |
| Туристички агенции | 38.095 | 0,53% | 0 | 0,00% | 38.095 | **0,46%** |
| Автосалони | 7.848 | 0,11% | 0 | 0,00% | 7.848 | **0,09%** |
| Банки | 32.379 | 0,45% | 30.271 | 2,75% | 62.650 | **0,76%** |
| Застапници во осигурување | 1.167.652 | 16,27% | 116.991 | 10,63% | 1.284.643 | **15,52%** |
| Останати дистрибутивни канали | 175.102 | 2,44% | 0 | 0,00% | 175.102 | **2,12%** |
| **Вкупно** | **7.176.717** | **100,00%** | **1.100.768** | **100,00%** | **8.277.485** | **100,00%** |

Извор: Квартални извештаи, АСО

На крајот на 2015 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,49 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,24 милијарди денари (кај неживотното осигурување 1,06 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 183 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,4 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1-31.12.2015 година осигурителниот сектор оствари добивка по оданочување во износ од 512,95 милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, 9 друштва остварија добивка во износ од 524,23 милиони денари, додека пак 2 друштва остварија загуба во износ од 54,93 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, друштвата остварија добивка во износ од 43,65 милиони денари, и тоа две друштва остварија добивка од 67,13 милиони денари, а две друштво прикажа загуба во износ од 23,49 милиони денари.

Со состојба на 31.12.2015 година, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа 6,22 милијарди денари и покриваа 107,07% од техничките резерви кај овие друштва. Кај друштвата коишто работат осигурување на живот, пак, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и математичката резерва на 31.12.2015 година изнесуваат 2,81 милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше 102,00%.

Во 2015 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во хартии од вредност издадени од Република Македонија (49,45%), депозити во банки (42,67%), удели во инвестициски фондови (4,59%), акции (0,96%) и во други финансиски инструменти (2,32%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во хартии од вредност издадени од Република Македонија (75,64%), банки (21,95%), инвестициски фондови (1,79%) и во други финансиски инструменти (0,62%).